РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ"
ул. „16-та Македонска бригада", бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071 356 241    www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-297/5**
**13.10.2025 година**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025) и член 58 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 467/2019 и бр.467-Анекс-1/2020), по барање на студентите бр.11-290/1 од 29.9.2025 година, Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" на својата 7-ма (седма) редовна одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за одобрување на дополнителни испитни сесии во академската 2025/2026 година за студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем"

**I. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во зимскиот семестар која ќе трае од 1-ви до 5-ти декември 2025 година. Во дополната испитна сесија ќе можат да се полагаат испити по предмети кои студентите ги слушале во летниот семестар од академската 2024/2025 година. Испит можат да пријават и полагаат студенти кои во актуелниот зимски семестар (2025/2026г.) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20.

Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија ќе се врши од 24-ти до 27-ми ноември 2025 година.

**II. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во летниот семестар која ќе трае од 13-ти до 17-ти април 2025 година. Во дополната испитна сесија ќе можат да се полагаат испити по предмети кои студентите ги слушале во зимскиот семестар од академската 2025/2026 година. Испит можат да пријават и полагаат студенти кои во актуелниот летен семестар (2025/2026г.) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20.

Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија ќе се врши од 6-ти до 10-ти април 2026 година.

**III.** При пријавувањето на испитите студентите треба задолжително да приложат пријава и уплатница во износ од 500,00 денари со назнака за полагање испит во дополнителната испитна сесија, а доколку испитот го полагаат по втор или повеќе пати, дополнително плаќаат 300,00 денари.

**IV.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:** архива, продекан за настава, студентски прашања, огласна табла, веб страна на факултетот, секретар

**ДЕКАН**

**проф. д-р Никола Николов**